Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 12-11-2021
Орг. Един. 02 | Број: 1853/1 | Прилог: | Вредност:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕКАНОТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

## за периодот 15.09.2020 – 14.09.2021

**Во знак на двата големи јубилеи: 75 години Филолошки факултет „Блаже Конески“ и 100 години од раѓањето на Блаже Конески**

Почитувани членови на Наставно-научниот совет,

Чест ми е да го поднесам првиот извештај за мојата работа од вториот мандат. Имајќи ги предвид извештаите за првиот мандат, и постојано стремејќи се кон подобрување или барем менување на начинот на претставување на нештата, одлучив овој извештај да биде поинаков, т.е. да се разликува по структурата од претходните. Имено, во извештајот ќе ја претставам мојата работа пред сè преку планираните активности за извештајниот период, дадени во мојата програма за избор за декан. Всушност, во извештајната година по тој план и се реализираа активностите во најголема мера. Секако со одреден број отстапки и непредвидени случувања, што секогаш се дел од која било планирана работа. Во процесот на реализација на програмските точки учествуваа сите: продеканите, раководителите на катедрите, наставничкиот кадар, стручните служби. Сите детали за реализираните активности ќе бидат претставени преку нивните извештаи.

**Вовед**

Учебната година 2020/2021 не беше воопшто лесна за планирање поради пандемијата и сите неизвесности што ги донесе овој феномен. Почнувајќи од стравот и непријатното чувство дека нема така брзо да заврши, преку соочување со можни неповолни финансиски импликации, турбулентни општествени случувања, вонреден напор за извршување на сите тековни обврски со отсуства поради боледување, отсуство од физичкиот простор на факултетот итн., итн. Како и да е, со помош на здравиот разум најчесто, но и со голема посветеност кон реализирање на наставниот процес и на сè она што е базична работа на факултетот, успеавме сите заедно да прокнижиме една помалку или повеќе успешна година.

Мандатот започна со избор на продекани на првата седница на ННС (16.09.202). Со мнозинство гласови беа избрани проф. д-р Маја Бојаџиевска за ресорот меѓународна соработка и наука; и проф. д-р Ваљбона Тоска за ресорот финансии. Изборот на продекан за настава свесно го оставив за подоцна. Во работата на ресорот настава беа вклучени стручните служби, продеканките, како и јас. Како поддршка за овој ресор, формирав посебна комисија за следење и унапредување на наставата, која се занимаваше со следење на наставниот процес во онлајн формат, како и со други аспекти на наставата во услови на учење на далечина преку утврдени методолгии на квалитативно и квантитивно истражување. Нејзината работа се покажа како многу корисна и добредојдена, за што поопширно ќе се осврнам подолу. По еден неуспешен обид во јуни 2021 (немаше потребно мнозинство присутни на

седницата на ННС), на седницата во месец јули со мнозинство гласови беше избран продекан за настава – доц. д-р Осман Емин.

Сега преминувам на точките од програмата.

## 1. Предлог за нова структура на факултетот

Врз основа на повеќе претходни разговори за структурата на нашиот факултет (и лични и на официјални состаноци), на споредбени паралели со други (филолошки) факултети, како и врз основа на потребите на новото време во поглед на третманот на современата филологија како академска дисциплина, изготвив предлог за нова поставеност на факултетот пред сè во однос на неговите организациски единици, но и за други аспекти од работењето. Идејата беше, преку широка расправа во која ќе бидат вклучени сите засегнати страни во еден ваков процес (наставници, студенти, стручни служби, други стручни правни лица, ректорат и сл.) и која ќе се одвива во текот на целиот мандат, да дојдеме до заклучок дали, кога, и како ќе го почнеме тој процес на реформирање. Во извештајниот период не се случи ништо од ова поради предвремено негативно пресретнување и неточно претставување на идејата во јавноста од страна на етаблирани академски субјекти. Нема да навлегувам понатаму во однос на оваа работа, впрочем сите бевме сведоци на тој немил период, само ќе најавам дека расправата за оваа тема ќе биде предмет на дискусија следната година.

## 2. Работни места

На почетокот на 2021 поднесовме барања за нови работни места за наставен и за административен кадар. Добивме седум места за првите (две француски, две албански, едно книжевност, едно германски, едно турски) и десет места за вторите. Поради намален капацитет на вработените во министерствата, согласностите ги добивме подоцна од вообичаеното, па успеавме да ја реализираме процедурата до конечен избор и пријавување, која пак наиде на следната пречка – распишување локални избори. Процесот за реализација на вработувањата ќе се заврши до крајот на годината.

## 3. Санација, реконструкција, реновирање на факултетскиот простор

Овој дел претрпе најмногу од неповолната ситуација: капиталните инвестиции беа замрзнати, воопшто, беше невозможно да се почнат поголеми зафати. Изработени се два елаборати-проекти: за санација на тоалетите, и за реновирање на Салата за седници, кои, се надевам, ќе добијат своја реализација идната година. Сепак, успеавме да направиме нешто во овој поглед: беше подновена/реновирана Салата за толкување; беше отстранет и отпишан сиот отпад од канцелариски мебел и електронски отпад што подолго време стоеше низ ходниците, предавалните и кабинетите; беше заменето старото неонско осветлување во ходниците и во некои простории (Студентски прашања); со целосна и директна инвестиција на Гете Институтот во Скопје комплетно е реновирана и најсовремено опремена Лабораторија 1, за што и на ова место им изразувам голема благодарност.

## 4. Студенти – библиотеки – настава

Во овој дел ќе ги сублимирам активностите и состојбите што се однесуваат на посочените три сегменти:

- И во оваа учебна година студентите беа приморани да следат настава во онлајн формат, со исклучок на мал број групи што започнаа настава во живо во училница, но подоцна преминаа на настава од далечина. Неприсуството на студентите во факултетскиот простор негативно се одрази и врз изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание. По истекот на мандатот на претходниот состав и претседател, се распишаа изборите во утврдените рокови и услови според Статутот, но дури по два неуспешни обиди, се реализираа изборите во јануари/февруари и се верификуваа мандатите на новиот состав и на новиот претседател. Би сакала да напоменам дека распишувањето избори за студентско собрание секоја година е исклучително напорна и непотребна динамика, особено што законските и статутарните одредби наметнуваат цврсти рокови, кои, пак, го трошат расположивото време од една година ФСС да обмисли нешто и да го спроведе. За одбележување и за пофалба е покажаниот интерес на членовите и на претседателот на ФСС за нивно вклучување во програмските активности во однос на двата овогодишни јубилеи на Факултетот.

Што се однесува на новите студенти, тие во уч. 2020/21 се запишаа во далеку помал број во однос на претходните години. Овој намален упис е евидентиран и на другите факултети во рамките на нашиот универзитет, а, според анализите, се должи пред сè на демографски слабата година во која биле родени матурантите од односната година. Уписот во тековната 2021/22 значително беше подобрен, што се должи на демографските подобрувања, но и на преземање иницијативи, организирање посебни промотивни настани, зајакнување на присутноста на социјалните мрежи и медиуми, од страна на катедрите и на деканатот. Оваа активност ќе продолжи со збогатување на содржините и со засилен интензитет и понатаму.

- Во однос на библиотеките, може да се каже дека кај оние со помал книжен фонд се заврши со внесување на насловите во електронска база, додека кај оние со поголем фонд тоа сè уште трае. Крајната цел – поврзување во единствена база на вкупниот фонд книги, списанија и др. на ниво на факултет, како и нејзино поврзување со други библиотеки пред сè со НУБ, со изработка на софтверски алатки за пребарување и користење на библиотечната граѓа – останува тековен и капитален проект и за наредните години.

Во извештајниот период се реализира вработување на кадарот во библиотеките каде што беа ангажирани лица со договор на дело, т.е. каде што беа испразнети овие места.

- Воведните горенаведени белешки за сегментот настава, тука ќе ги заокружам со претставување на работата на Комисијата за следење и унапредување на наставата. Комисијата во состав од пет члена, а под раководство на колешката Елена Ончевска, внесе различен и досега непрактикуван начин на работа во поглед на следење и унапредување на наставата во додипломските студии. Со развивање и

примена на механизми за квантитивни и квалитативни сондажи меѓу студентите и наставниците, Комисијата дојде до сознанија што вообичаено досега или сме ги земале 'здраво за готово', или воопшто не сме ги земале предвид. Освен тоа, како најкорисен ефект од нивната работа би го споменала фактот што резултатите од истражувањата не останаа само на 'хартија', туку се реализираа практично во промена на некои затврдени и застарени практики. За одбележување е и отпочнувањето на еден посебен потпроект на Комисијата – Обезбедување психо-социјална поддршка во време на пандемија, проект што наиде на општо задоволство и позитивна оцена од страна на учесниците, и, за кој се подготвува продолжение. Целата актива на Комисијата е уредно архивирана на посебна платформа. Деталите за сите активности се достапни на страницата на Комисијата:

https://coda.io/@elena-oncevska-ager/nastava-na-flf

## 5. Акредитација и евалуација

Клучен дел од работата во извештајниот период зазема (ре)акредитацијата на студиските програми од трите циклуси. Пред да се осврнам на неа, неколку зборови за самоевалуацијата на студиските програми и на наставниот процес за периодот 2018-2021. Процесот на самоевалуација е законска обврска на факултетите со утврдени рокови. Од тие причини, се формира комисија што беше задолжена да ја спроведе самоевалуацијата. Комисијата работеше под раководство на колегата Симон Саздов (практично, оваа комисија го имаше мандатот од претходната самоевалуација), кој во бараниот рок достави извештај, кој, пак, беше усвоен од Наставно-научниот совет. За повеќе детали, извештајот е достапен на веб-страницата на Факултетот.

Со цел да се обезбеди навременост и комотен временски период за работа на претстојната (ре)акредитација, предложив три фази на процесот: 1. подготовка преку рефлексии, евалуации, аргументации, размена на идеи; 2. конкретизирање на матриците на студиските програми; 3. впишување во обрасците дадени од Одборот за акредитација. Првата фаза започна во ноември 2020 со состаноци на работна група составена од претставници на сите катедри и на сите области од нашите студиуми. Се одржаа повеќе средби на кои се дискутираа постојните студиски програми, се дава нови идеи, решенија, предлози и сл. Се отворија прашања и за други теми поврзани со наставните планови, како што се потреба од нов кадар, од нови решенија за распоредот на часови, просторни капацитети и сл. Сублимирањето на сите дискусии резултира со изготвување на предлог-матрици, кои ја означија втората фаза од процесот, во која се наоѓаме сега. Во оваа фаза се работи на ниво на катедри, како и со вклучување на продеканот за настава. Во таа насока беа одржани одделни состаноци со секоја катедра. Работата ќе продолжи на крајот на јануари 2022, кога се очекува утврдување на предлог-матриците и утврдување на предметите, а потоа се преминува во третата фаза – пополнување на обрасците со предметните содржини и други потребни делови. Комплетните студиски програми се очекува да бидат дадени на усвојување на нашиот ННС во октомври 2022, а потоа комплетната документација да се проследи во натамошна процедура.

## 6. Јубилеи

2021 е јубилејна година за нашиот факултет по два настани: 75 години од основањето на Факултетот и 100 години од раѓањето на Блаже Конески. Со оглед на големата годишнина врзана за Конески, Претседателот на државата и Владата ја прогласија целата 2021, година на Конески. Во оваа, на големо задоволство, општоприфатена манифестација од страна на сите институции од обласга на културата, секако централно место зазема нашиот факултет. Особено што покрај големиот јубилеј на патронот се прославува и 75-годишниот јубилеј на Факултетот. Со желба и идеја за достојно одбележување на овие датуми, се формираа два поголеми организациски одбори, а во нивните рамки помали одбори, кои изготвија програмски активности преку целата година, додека централните се планирани за втората недела од декември 2021. Детали за одржаните активности се достапни во објавите на веб-страницата, како и во катедарските извештаи во прилог на овој извештај.

## 7. Меѓународна соработка и наука

Планираните активностите врзани за овој сегмент од работата на Факултетот одеа во насока на одржување и проширување на мрежата од договри со други универзитети, или преку програмата Еразмус +, или преку директни билатерални меморандуми. Исто така, планирано беше во повеќето од јубилејните манифестации да се оформат меѓународни организациски одбори, а во изданијата – соодветни уредувачки одбори. Тековните, со утврдена динамика, активности, какво што е списанието *Современа филологија* секако остана како зацртана агенда и во оваа година. Деталите за овој ресор може да се видат во извешатајот на продеканката Бојаџиевска, како и во катедарските извештаи.

## 8. Апликативна дејност и финансии

Сферата на апликативната дејност може да се окарактеризира како наговестувачки добра, но реализирачки слаба. Ова вреднување ќе го илустрирам со една можност што само се најави, делумно се организира, а потоа целосно пропадна: долгоочекуваните преговори за членство во Европската Унија, што за нас значи учество со превод и толкување. Имено, Секретаријатот за европски прашања отвори повик за јавна набавка за услуги во писмен превод, Факултетот се регистрира како економски оператор и се јави на повикот, за подоцна повикот да биде поништен од веќе познати причини. По овој повик следуваа и други повици за услуги во превод и толкување, но, за жал, ниеден не се реализира. Како и да е, сите овие искуства нè вратија на веќе постоечката идеја Факултетот да регистрира свое трговско друштво, кое ќе презема дел од апликативната дејност, а ќе развива и своја актива во дејностите за кои е регистрирано. Целата процедура на регистрација заврши во јуни 2021, од кога официјално постои ХУМФИЛ. До овој момент, друштвото реализира една активност: интензивни кратки курсеви по странски јазици, наменети пред сè

за студенти. Со оглед на неповолната ситуација за влегување во посериозни зафати, ХУМФИЛ остапува во планирачка фаза во врска со своите активности, а за некои веќе има најава за следната година.

Што се однесува до сегментот финансии, ќе дадам една генерална забелешка: со оглед на сите потешкотии, буџетот на Факултетот од сопствените средства е во солиден износ, што се должи на внимателно, неризично финансиско работење, а сепак со покривање на сите базични потреби што произлегуваат од работата. Повеќе детали за овој ресор може да се видат во извештајот на продеканката Ваљбона Тоска, како и во извештајот на секретарот Маргарита Шукулоска.

## 9. Стручна служба

Во правец на постигнување, т.е. реализирање на сите поставени цели, неодминлива е улогата на стручната служба на Факултетот. Како поголема промена во овој сектор, би го издвоила заминувањето во пензија на Весна Стојановска, дотогашниот секретар на Факултетот, и изборот на нов секретар, Маргарита Шукулоска, дотогашниот раководител на правната служба. Детални информации за работата на овој сектор може да се видат во нејзиниот извештај.

## Заклучок

Почитувани,

Се надевам дека со овој сеопфатен извештај за целокупните активности во сите сфери на работењето на Факултетот добивте претстава со каква и колкава актива сме се занимавале во годината на извештајниот период. Со цел видливост да добијат извештаите од сите катедри, во Прилог 4 ги доставувам и нив.

Им изразувам голема благодарност на сите вработени и на сите надворешни соработници за покажаниот професионален однос и посветеност. Особена благодарност изразувам за укажаната доверба, која ми е примарен водечки импулс во идните факултетски планови, зафати, активности.

Со почит,

проф. д-р Анета Дучевска

Декан

Скопје, 12.11.2021